**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 505/7**

**Скопје, 27.11. 2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Битола за 2007 година, кои се прикажани на страните 3 и 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на општина Битола, за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Владимир Талески, Градоначалник на Општина Битола во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 28.07.2008, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Битола на ден 31 декември 2007 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 4,743 илјади денари. Овие средства иако се планирани со финансиските планови на корисниците останале неискористени од причина што за ново вработените лица на определено работно време во основните и средни училишта на општина Битола, Министерството за образование дало согласност во месец декември а плати се планирани од месец септември. Планираните средства се одобрени за истата намена во наредната година со Одлуката за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Битола за 2008 година.
**Препорака:**
За целосно и навремено реализирање на програмските активности и финансиските планови на корисниците да се подобри комуникацијата помеѓу одговорните лица во единицата на локална самоуправа, корисниците на наменски дотации и надлежното министерство.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Битола на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**Скопје, 14.11.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Општина Битола  Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 10 |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 172,681 | 61,497 |
| **Вкупно приходи** | | **172,681** | **61,507** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 108,799 | 10,507 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 59,139 | 50,681 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 50 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 28 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **167,938** | **61,266** |
| **Капитални расходи** | | **0** | **60** |
| **Вкупно расходи** | | **167,938** | **61,326** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **4,743** | **181** |

**Општина Битола  Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 4,743 | 181 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,743** | **181** |
| **Вкупна актива** | | **4,743** | **181** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | **4,743** | 181 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **4,743** | **181** |
| **Вкупна пасива** | | **4,743** | **181** |